Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесува:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019 година, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1/1 од 02.03.2020 година и 01-4510/1 од 30.10.2020 година, 01-4583/1 од 05.11.2020 година, 01-5091/1 од 04.12.2020 година, 01-70/1 од 05.01.2021, 01-863/2 од 12.02.2021 година, 01-877/3 од 17.02.2021 година,01-3372/2 од 09.07.2021 година, 01-5171/2 од 18.11.2021 година, 01-5172/2 од 12.11.2021 година , 01-5292/2 од 12.11.2021 година, 01-5784/2 од 13.12.2021 година, 01-6623/2 од 22.09.2022 година и 01-6370/8 од 19.10.2022 година, и тоа:

### Член 2

Во Глава V Во делот табеларен приказ на работни места, во Одделение за внатрешна ревизија, во работното место со реден број 9, со шифра УПР 01 01 В04 000 назив на работно место – **Помлад соработник-внатрешен ревизор**, во делот на број на извршители, бројот "1" се заменуваат со бројот "2"

### Член 3

Во Глава V Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за правни и општи работи, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, работното место со реден број 26, со шифра УПР 01 01 Г04 000 назив на работно место – **помлад референт за документација**, работното место се брише.

**Член 4**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувањата и дополнувањата и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Министер
**Каја Шукова**

Број 01-3710/1
09-06-2023